Уп. Бр. 08-116/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од **ДС Смитх Пекаџинг Саут Ист ГмбХ (DS Smith Packaging South East GmbH)**, со регистрирано седиште на адреса 10 Фридрихштрасе, 1010 Виена, Австрија, преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден **06.08.2023** година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото **ДС Смитх Пекаџинг Саут Ист ГмбХ** (DS Smith Packaging South East GmbH), со регистрирано седиште на адреса 10 Фридрихштрасе, 1010 Виена, Австрија, има намера да стекне самостојна контрола над друштвото **БОСИС доо Ваљево** (BOSIS doo Valjevo), со регистрирано седиште на Попучке бб, 14000 Ваљево, Република Србија, преку купување на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 07.08.2023 година, а дополнето на 16.08.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од **ДС Смитх Пекаџинг Саут Ист ГмбХ ,** со регистрирано седиште на адреса 10 Фридрихштрасе, 1010 Виена, Австрија**,** со која **ДС Смитх Пекаџинг Саут Ист ГмбХ** има намера да стекне самостојна контрола над друштвото **БОСИС доо Ваљево**, со регистрирано седиште на Попучке бб, 14000 Ваљево, Република Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополна и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ДС Смитх групацијата** е претежно активна во производството и продажбата на брановидни пакувања во Европскиот економски простор. ДС Смитх групацијата исто така собира користена хартија и брановиден картон, за производство на рециклирана хартија за брановидни пакувања. Активностите на ДС Смитх за брановидни пакувања се распространети низ целиот Европски економски простор.

ДС Смитх групацијата е вертикално интегрирана групација која е активна со собирање и снабдување на обновена хартија, производство и снабдување на материјали за брановидни амабалажи („**МБА**“), производство и снабдување на брановидни плочи, и производство и снабдување на брановидни амбалажи.

ДС Смитх има само едно зависно друштво во Северна Македонија, ДС СМИТХ АД Скопје со регистрирано седиште на адреса ул. 1632 бр. 1, Скопје во Северна Македонија. Опсегот на производи на ДС СМИТХ АД Скопје вклучува брановидни картони, хартија за пакување, хартиени вреќи, како и хартиени кеси и хартија за виткање.

**БОСИС доо Ваљево** е производител на пакување на печатени и ламинирани картони и филмско пакување. Тоа снабдува повеќе од 170 клиенти низ различни индустрии со производи од висок квалитет, произведени во фабриката за производство во Попучке, Ваљево, Србија.

**БОСИС доо Ваљево** произведува и ги продава следните производи во Србија: лито-ламинирани брановидни картонски кутии; преклопен картон; филмско пакување и картонски плочи (*flute*).

**БОСИС доо Ваљево** нема зависни друштва во Северна Македонија или било каде на друго место. Босис извезува само лито-ламинирани брановидни картонски кутии во Северна Македонија од неговата фабрика за производство во Србија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на*

*конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**